LACTALIS
MK MLEKARNICA

Советува!

# Размножување и плодност:
# Основни фактори за производство на млеко (четврт дел)

б) Неплодност поради промени во траење на еструсот:

## Причини и фактори на ризик:

Нормалното времетраење на интервалот на половата жар кај кравите е од 18 до 25 дена, просечно 21 ден. Штом циклусот добро ќе се воспостави, ќе биде прилично константен во текот на животот на кравите. Но, во текот на животот, кравите може да се соочат со два вида промена на половата жар:

* Времетраење помеѓу 2 периоди на полова жар помало од 18 дена
* Времетраење помеѓу 2 периоди на полова жар поголемо од 25 дена

## Препораки:

Неправилните интервали на еструсот треба да се сметаат како проблем на стадото ако по 60-тиот ден по отелувањето, повеќе од 15 % од кравите имаат интервал помеѓу 2 периоди на полова жар поголем од 25 дена.

Ако интервалот надминува 25 дена помеѓу два еструса , во првите 2 месеци по отелувањето, проблемот треба да се третира како анеструс (видете точка В).

Неопходно е да се испитаат сите интервали помеѓу два еструса . Ако поголемиот дел од разликите се помеѓу 36 и 46 дена и ако + 8 % од разликите се помалку од 18 дена, најверојатно откривањето на еструсот е лошо (видете точка Б).

**Прилагодување на исхраната во однос на енергетската вредност и снабдувањето со азот за да се избегнат метаболистички нарушувања. Целта е:**

- Статусот на гоење да не биде ниту пренизок ниту превисок
- Исхрана што помага во производството на пропионска киселина во бурагот (пченкарна силажа)
- Внес на додатоци во исхраната што ја помагаат глуконогенезате (пропилен гликол)

**Редовно следење од страна на ветеринар за следниве критериуми:**

- Преглед на 30 - 45 дена по отелување за откривање и третирање на хроничен метритис
- Се препорачува втор преглед во периодот на инсеминација за контрола на функцијата на јајниците
- По инсеминација, да се изврши дијагностицирање на рана стелност (ултразвук) за да се открие ембрионска смртност

**Лацталис МК Млекарница ДООЕЛ,**
Индустриска бб, 7000 Битола, Северна Македонија

## 4. Различни видови синхронизации

### а) Синхронизација на овулацијата и оплодувањето со простагландин:
за крави и јуници во циклус

**2 ml Prosolvin**
(простагландин)

Ако има полова жар, кравата мора да се инсеминира

**2 ml Prosolvin**
(простагландин)

11-14 дена

Ако има полова жар 2 до 6 дена по втората доза на простагландин, кравата треба да се инсеминира при опсервација на половата жар

### б) Синхронизација на овулацијата и оплодувањето со прогестаген:
за крави и јуници што не се во циклус

Поставување **имплант со прогестаген** на увото

Отстранување на **имплантот со прогестаген**

7-10 дена

### в) Синхронизација на овулацијата и оплодувањето (Ovysinch):
препорачано ако има проблем со откривањето на половата жар и само кај кравите во циклус

ден 1: вечер
**2 ml Fertagyl**
(GnRH)

ден 7: вечер
**2 ml Prosolvin**
(простагландин)

ден 9: вечер
**2 ml Fertagyl**
(GnRH)

Инсеминација без откривање на полова жар, по 12-16 часа, наутро

1 недела (7 дена) | 48 часа | 12-16 часа

Стара јајце-клетка

Лутеолиза (ресорпција на жолтото тело)

Јајце-клетката е синхронизирана

### г) Синхронизација на крави со цисти:

**ЧЕКОР 1**

ден 1: вечер
**5 ml Fertagyl**
(GnRH)

ден 9: вечер
**5 ml Prosolvin**
(простагландин)

Инсеминација меѓу 72-96 часа, штом ќе се појави полова жар

9 дена | 72-96 часа

**ЧЕКОР 2**

Ако нема полова жар во чекор 1

Од ден 9 и последната инјекција на **Prosolvin**

ден 11: вечер
**2 ml Prosolvin**
(простагландин)

Инсеминација меѓу 72-96 часа, штом ќе се појави полова жар

11 дена | 72-96 часа

# Факти за Лакталис

- Основана во 1933 година од Андре Бение во Лавал, низ три генерации, Групацијата Лакталис остана верна на својата првична заложба за преработка на млеко.
- Денес е глобален лидер во млечната индустрија.
- Број еден производител на сирење во светот.
- Европски лидер во рамките на потрошувачката на млеко и на пазарите на путер и млечни намази.
- Располага со 250 производствени погони во 50 земји ширум светот.
- Вработува 80.000 луѓе во 94 земји ширум светот.
- Остварува годишен промет од 18,5 милијарди евра.
- Лакталис МК Млекарница станува дел од големото светско семејство Лакталис во 2007 година.
- Еден од главните двигатели на развојот на групацијата Лакталис се млекопроизводителите чија иднина е сигурна преку растот на Лакталис.
- Главните одговорности на одделот за сурово млеко во склоп на Лакталис е оптимизирање на рутите за собирање на млеко и обезбедување на врвен квалитет на сурово млеко кое е здраво и хранливо.
- Одделот за сурово млеко на Лакталис посветено работи кон едукација на млекопроизводителите за употреба на современи и проверени практики со цел добивање на повисок квалитет и количина на млеко.

**Оддел за сурово млеко:**
047 208 900 | 078 239 123

www.lactalismk.mk